РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ - SHKUP
Бр./Nr. 20-12852/1
26 NOV 2024 20 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 3 став 2 и член 24 од Законот за склучување, ратификација и извршување на меѓународни договори („Службен весник на Република Македонија "бр.5/98) и врз основа на ратификувани билатерални спогодби, односно договори, како и програми, протоколи или меморандуми, склучени со странски држави, министерката за образование и наука, донесе

# П Р А В И Л Н И К

## за начинот за доделување на стипендии на странски државјани за додипломски студии, последипломски студии, докторски студии, научно-истражувачки студии, студиски престои и летни школи (по македонски јазик), доделени од Република Северна Македонија, врз основа на ратификувани билатерални спогодби, односно договори, како и програми, протоколи или меморандуми за соработка, склучени со странски држави

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот за доделување на стипендии на странски државјани за додипломски студии, последипломски студии, докторски студии, научно-истражувачки студии, студиски престои и летни школи (по македонски јазик) на високообразовни и научни установи во нашата држава, доделени од страна на Република Северна Македонија, врз основа на ратификувани билатерални спогодби, односно договори, како и програми, протоколи или меморандуми за соработка, склучени со странски држави.

Член 2

Покренувањето на постапка за ратификација на меѓународни договори е уредена со Законот за склучување, ратификација и извршување на меѓународни договори („Службен весник на Република Македонија" бр.5/98).

Член 3

Постапката за доделување на стипендии за додипломски студии, последипломски студии, докторски студии, научно-истражувачки студии, студиски престои и летни школи (по македонски јазик), се води од страна на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Министерството).

Член 4

Министерството ги доделува стипендиите од член 1 на овој правилник, согласно средствата за таа намена во Буџетот на Министерството.

Член 5

Странските држави, преку дипломатско-конзуларните претставништва на Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на Република Северна Македонија, се информираат за можностите за доделување на стипендии на нивните граѓани, врз основа на билатерални спогодби, односно договори, како и програми, протоколи или меморандуми за соработка, склучени со странски држави.

Член 6

Страната испраќач, до Министерство доставува листа на кандидати за стипендии, согласно одредбите од потпишаните билатерални спогодби, односно договори, како и програми, протоколи или меморандуми за соработка, склучени со странски држави.

Член 7

По добивање на листа на кандидати за стипендија на странски студенти од земјата потписник на билетерална спогодба, односно програма, договор, протокол или меморандум за соработка, од страна на министерот за образование и наука на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: министерот), со решение се формира комисија, чија задача, согласно одредбите од потпишаната билатерална спогодба, односно договор, како и програма, протокол или меморандум за соработка, склучена со странска држава, е да го утврди времетраењето на стипендијата, висината на трошоците за сместувањето, исхраната и месечните трошоци, да обезбеди услови за сместување и исхрана на стипендистот, како и да обезбеди и регулира престој за стипендистот од член 1 на овој правилник.

Комисијата од став 1 на овој член, во рок од 7 дена од донесувањето на решението за нејзиното формирање, доставува до министерот извештај со предлог-листа на кандидати на кои им се доделува стипендија.

Член 8

Корисникот на стипендија ја користи стипендијата врз основа на донесено решение за доделување на стипендија од страна на министерот.

Член 9

Кандидатите кои се стекнале со право на стипендија се известуваат, во рок од 15 дена од денот на донесувањето на решението од член 8 од овој правилник, од страна на Министерството преку Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на Република Северна Македонија, до дипломатско-конзуларното претставништво на Република Северна Македонија, во земјата испраќач од која е корисникот на стипендијата.

Член 10

Странски студенти кои се стекнале со стипендија за додипломски студии, последипломски студии и докторски студии, се сметат оние студенти кои се пријавиле за упис, односно конкурирале за студиската програма, заклучно со последниот уписен рок, односно се запишале на студиската програма според објавениот конкурс за запишување на студенти на студиски програми од страна на високообразовната, односно научната установа. Доколку кандидатот (странскиот студент), не се јави најдоцна во рок од 10 дена од предвидниот датум за започнување на академската година, се смета дека се откажал од добиената стипендија.

Член 11

Меѓусебните права и обврски помеѓу давателот и корисникот на стипендијата се регулираат со посебен договор склучен помеѓу кандидатот кој се стекнал со право на стипендија и Министерството.

Член 12

Стипендијата на странски државјани за додипломски студии, последипломски студии, докторски студии, научно-истражувачки студии, студиски престои и летни школи (по македонски јазик), опфаќа:

- бесплатна школарина на државните високообразовни установи;
- бесплатно сместување и исхрана во државните студентски домови (уплата на износот за сместување, од страна на Министерството, на државните студентски домови, врз основа на доставена фактура за висината на износот на сместувањето);
- бесплатен месечен билет за јавен градски превоз (уплата на износот на месечниот билет, од страна на Министерството, на Јавното сообраќајно претпријатие - Скопје, врз основа на доставена фактура за висината на износот на месечниот билет);
- месечни трошоци во висина од 50 евра за додипломски студии, односно 70 евра за последипломски студии, докторски студии, научно-истражувачки студии, студиски престои и летни школи (по македонски јазик), на банкарска сметка на стипендистот и
- примарно здравствено осигурување.

Висината на средствата за надоместок на трошоците за стипендистот од став 1 на овој член се определува согласно доставениот официјален документ од страна на високообразовната, односно научната установа во нашата држава, за престојот на странскиот студент - корисник на стипендијата.

Член 13

Стипендиите за додипломски, последипломски, односно докторски студии за странски студенти од земјата потписник на билатералната спогодба, односно договор, како и програма, протокол или меморандум за соработка, се доделуваат за студирање не подолго од времетраењето на вкупниот број на семестри за додипломски, последипломски, односно докторски студии, колку што се предвидени со статутот на високообразовната, односно научната установа, т.е. со акредитираната студиска програма.

Член 14

Средствата за стипендиите за додипломски студии од член 1 на овој правилник се обезбедуваат од Програмата 6 – студентски стандард, Потпрограма 60 – студентски стандард, Ставка 464 – разни трансфери од Буџетот на Министерството, со посебни решенија.

Средствата за стипендиите за последипломски студии, докторски студии, научно-истражувачки студии, студиски престои и летни школи (по македонски јазик) од член 1 на овој правилник се обезбедуваат од Програмата 7 – наука, Потпрограма 71 – научно-истражувачка работа, ставка 464 – разни трансфери, од Буџетот на Министерството, со посебни решенија.

Член 15

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за постапката и начинот за одобрување на стипендии на странски државјани за додипломски студии, последипломски студии, докторски студии, студиски истражувања и студиски престои, доделени од Република Македонија, врз основа на билатерални спогодби склучени со странски држави, бр.17-12807/1 од 31.10.2018 година.

Член 16

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

**Министерка за образование и наука,**
**проф. д-р Весна Јаневска**